Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.02/05), како и член 43 став 1 алинеја 9 од Статутот на Општина Босилово (Службен гласник на Општина Босилово 21/14), а во врска со член 7 став 1 од Законот за јавна внатрешна финасиска контрола („Службен весник на РМ“ бр.90/09, 188/13 и 192/15), Градоначалникот на Општина Босилово донесе:

# ПРАВИЛНИК
**за користење на средствата за репрезентација во општина Босилово**

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот на користење на средствата за репрезентација, овластувањата за користење на средствата за репрезентација, одговорноста за наменско користење на средствата, видовите на репрезентација и постапката за користење на репрезентацијата во Општина Босилово.

### Член 2

Средствата за репрезентација можат да се користат за намените утврдени со овој Правилник.

Средствата за репрезентација треба да се користат наменски и рационално.

## II ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА

### Член 3

Средствата за репрезентација се обезбедуваат од средствата од Буџетот.

Трошоците за репрезентација се обезбедени од Буџетот во рамките на категоријата стоки и услуги (потставка 426210 – Расходи за репрезентација).

### Член 4

Средствата за репрезентација може да се користат во следните случаи:

-При посета на претставници на државните институции во Република Северна Македонија, како и преставници на општините во Република Северна Македонија;

-При посета на претставници на верски, невладини и спортски организации и здруженијана граѓани;

-При посета на претставници на странски општини, збратимени општини како и други странски институции на локално ниво со кои Општина Босилово започнува, развива и одржува соработка;

-При посета на претставници на странски делегации и уреди на странски земји, меѓународни организации и други, претставници на странски амбасади или мисии во Република Северна Македонија;

-При посета на странски експерти ангажирани врз основа на проекти, договори и слично;

-Одржување на работни состаноци што ги свикува општина Босилово, а се присутни и преставници надвор од општината (инвеститори, коминтенти на општината, конференции за печат, работни состаноци на кои се присутни преставници од други државни органи, даватели или корисници на податоци, работа на проекти и слично);

-При работна посета во странски држави за кои што е издаден патен налог

-При организирана посета на Единици на локална самоуправа, како и при посета на одредени културни манифестации надвор од Општина Босилово за средби со коминтенти, инвеститори, бизнисмени и други.

-Други случаи за потребите на Општина Босилово (по повод јубилеи, годишнини, празници и друго).

## III ВИДОВИ РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

**Член 5**

Средствата за репрезентација можат да се користат за:

- послужување безалкохолни пијалоци;
- послужување алкохолни пијалоци;
- службен ручек, вечера, закуска и слично;
- подароци за посебни прилики, како сувенири, марами, кратоврски, нотеси, канцелариски прибор (пенкала), календари и друг репрезентативен материјал.

Средствата за репрезентацијата можат да се користат 7 дена во неделата.

## IV ОВЛАСТУВАЊЕ И НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ

**Член 6**

Право на користење на репрезентацијата во согласност со овој правилник имаат:

-Градоначалникот на Општина Босилово;

-Раководителите на одделенија во Општина Босилово;

-Претседателот на Совет на Општина Босилово и

-Други лица овластени од Градоначалникот.

**Член 7**

За користење на репрезентацијата од член 5 од страна на лицата наведени во член 6 точка 2, 3, 4 и 5 од овој Правилник, согласност дава Градоначалникот на Општина Босилово или лицето кое тој ќе го овласти.

**Член 8**

Плаќањето на трошоците за користење на средствата се врши преку фактура.

По исклучок од ставот 1 од овој член, плаќањето може да се врши и во готово, но не повеќе од 6000 денари со приложување на фискална сметка и сметкопотврда.

**Член 9**

Одделението за финансиски прашања, води сметка дали трошењето на средставта е во рамките на обезбедените средства со Буџетот и доколку се јават поголеми трошоци од планираните, писмено го известува Градоначалникот на Општина Босилово.

**Член 10**

Во случај на користење на репрезентација надвор од одредбите и случаите од овој Правилник, лицето кое ја направило нарачката е должно да ги надомести трошоците за сопствената сметка.

## V ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 11**

За сè што не е предвидено со овој Правилник, важат одредбите од позитивните законски прописи.

**Член 12**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување и ќе се објави во Службен гласник на Општина Босилово.

Арх.бр. 03-2114/1

Датум 29.10.2024г

Општина Босилово
Градоначалник
Ристо Манчев